## ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ 2005

На ден 10.02.2006 во 12 часот во Амфитеатарот се одржа промоција на завршените студенти на МФС и тоа:

- 5 магистри (VII-2 степен)
- 109 дипломирани машински инженери
- 19 машински инженери (VI-1 степен)
- 24 дипломирани студенти на ИСИЖС
- 1 дипломиран студент на ИСПТО

Деканите на МФС И ИСИЖС одржаа поздравни говори. Поздравно обраќање имаше и заменик министерот за образование, проф. д-р Тале Герамитчиоски и проректорот на УКИМ, проф. д-р Борис Крстев. Потоа од страна на факултетот беа наградени најдобрите дипломирани студенти, најдобрите дипломски работи, најдобрите студенти по студиските години.

Најдобриот дипломиран студент, Мите Томов со просек 9.82 доби вредни награди: ослободување од надоместот за постдипломски студии од МфС, спознорот Инженерската Институција на Македонија му додели прстен, а Фондацијата Стамболиев на 24 мај ќе му ја додели традиционалната награда како најдобар студент на МФС. Фондацијата Стамболиев парично го награди и вториот по успех дипломиран студент, Васил Цицонков со просек 9.56. Наградени беа и останатите дипломци со најдобар просек од страна на спонзорите Македонски телекомуникации, Мотива, АД Осигурителна полиса и УСЈЕ.

Електростопанство на Македонија додели парични награди на дипломираните студенти со најдобрите дипломски работи по насоки. А МФС парично ги награди студентите со постигнат просек 10.00 во текот на учебната година.

Од останатите активност беа наградени победниците на ИНОМАК 2005. фудбалската екипата на МФС од спонзорот ЈСП - Скопје доби подарок фудбалска топка. Сојуз на возачи ги награди Студентскиот авто клуб и студенстското возило ВЕДА. Секако, неизостана и традиционалниот поклон за нашите комшии, за ЕТФ. Оваа година тие добија книга за бонтон однесување.



Посебно изненадување на промо-цијата беше тортата за дипломецот кој имаше роденден на денот на промоцијата. Исто така дипломци кои имаат деца, треба да пратат слика од нив и ќе добијат индекс и пригодно изненадување.

По официјалниот дел, следеше доделување на дипломите при што Деканите на МФС и ИСИЖС лично им ги врачуваа дипломите и им честитаа на дипломците.

Во холот пред бифето на крај се одржа пригоден коктел.

## ПРЕДАВАЊЕ

На ден 10.02.2006 на МФС беше одржано предавање од Dr. Joan Gillman, истакнат експерт од областа на претприем-ништвото. Темата на предавањето беше како да се користи системот на умрежување како шанса за вработување, кариера и подобар живот. Предавањето првенствено беше наменето за дипломците, но начинот на излагање и самата тема беа интересни и за останатие слушатели, кои во не така мал број присуствуваа на него.

## СТИПЕНДИИ

На ден 15.02.2006 претседателот на Р.Македонија, Бранко Црвенковски на пригодна свеченост им ги додели стипендиите на десетте најдобро рангираните студенти при уписот на МФС.

## СТАРТ НА НАТО ПРОЕКТ MIRVAX

Во периодот 21-25 февруари во Скопје се одржува start-up meeting на проектот MONITORING AND IMPROVING THE RIVERS IN THE VARDAR/AXIOS WATERSHED (MIRVAX), финансиран од НАТО програмата, со траење од 2006-2007 год. Координатор на проектот од Грција, како НАТО земја, е проф. Georgios Mpalafoutas од Аристотел Универзитетот во Солун, а МФС е координатор институција за Македонија, како партнер-земја. Координатор на проектот за Македонија е проф. д-р Атанаско Тунески.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Драги Данев, проф. д-р Милан Ќосевски и проф. д-р Борче Давитковски, на ден 25.01.2006 год. реализираа службено патување во Загреб, Р.Хрватска со цел посета на Центарот за возила и Факултетот за машинство и бродоградба.

2 Доц. д-р Валентино Стојковски, доц. д-р Дарко Данев, асс. м-р Игор Ѓурков и асс. м-р Зоран Марков од 26 до 27.01.2006 год. реализираа службено патување со цел посета на Open FOAM Training and Workshop, Загреб, Р.Хрватска.

3. Вон. проф. д-р Атанаско Тунески, реализира службено патување во Брисел, Белгија од 28.01. до 31.01.2006 год. со цел присуство на средбата на кординаторите на ТЕМПУС проекти.

4. Проф. д-р Милан Ќосевски, реализира службено патување во Брисел, Белгија во период од 29.01. до 1.02.2006 год. со цел присуство на средбата на координаторите на ТЕМПУС проекти.

5. Проф. д-р Миле Димитровски, проф.д-р Славе Арменски и пом. асс. Даме Димитровски реализираа службено патување во Сараево, БиХ период од 14 до 16.02.2006 год. со цел нивно учество на Меѓународната гасна конференција со наслов: "Перспективи на регионалната соработка во создавање на гасен пазар за Југоисточна Европа и поврзување со Европската Унија".

6. Вон. проф. д-р Атанаско Тунески, на 19 и 20.02.2006 година, реализира работна средба и договор со проф. Georgios Mpalafoutas од Аристотел Универзитетот во Солун за понатамошна работа на MIRVAX проектот од NATO Science for Peace програмата.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**23.02.2006**
**16 СЕДНИЦА НА ННС**

**30.03.2006**
**17 СЕДНИЦА НА ННС**

**Техничко уредување:**
*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*

**Година 2006, февруари, број 47**

# Ф А К У Л Т Е Т С К И

# И Н Ф О Р М А Т О Р

## АКТИВНОСТИ

Летниот семестар започна. Свечено ги "испративме" дипломците и ги наградивме најдобрите студенти. Активностите околу наставата се интезивираат. Треба да продолжиме со истото темпо.

Резултатите во тој случај се неизбежни!

## ТРАДИЦИОНАЛНО ПОТСЕТУВАЊЕ

Сите припадници на "појакиот" пол и оваа година се потсетуваат дека до излегувањето на следниот број ќе наиде празникот осми март.

На сите припаднички на понежниот пол им го честитаме празникот.